

С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

на

Општина Ранковце

Службен гласник на Општина Ранковце Издавач:Општина Ранковце излегува по потреба	Година XXIV број 3 02 Март 2023 годинаРанковце	Гласникот е бесплатен

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат во с. Ранковце – Зердин Дуб, Општина Ранковце”

1.Се прогласува Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат во с. Ранковце – Зердин Дуб, Општина Ранковце”, донесена на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат во с. Ранковце – Зердин Дуб, Општина Ранковце”, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/1
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце” бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 27.02.2023 година ја донесе следнава одлука:

ОДЛУКА
За кофинансирање на проектот
„Реконструкција на локален пат во с. Ранковце – Зердин Дуб, Општина Ранковце”

Член 1

За реализација на проектот „Реконструкција на локален пат во с. Ранковце – Зердин Дуб, Општина Ранковце” од потпрограмата 11 – Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата на Ромите за 2023 година , 488 -Капитални дотации до ЕЛС финансиран од Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ” бр. 282/22) , раздел 130.01 – Министерство за транспорт и врски, Општина Ранковце од сопствениот буџет ќе учествува со кофинансирање од 15% од вкупната одобрена вредност на проектот со ДДВ.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце‘‘.

Бр. 09-217/5
Ранковце
27.02.2023год.

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8812, КО Петралица

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8812, КО Петралица, донесена на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8812, КО Петралица, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/2
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („ Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16и 190/17), член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РСМ“ бр. 174/2021), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („ Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина

Ранковце“ бр. 09/05,04/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Советот на Општината Ранковце на седницата одржана наден 27.02.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8812, КО Петралица

Член 1

Се утврдува потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица.

Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдување потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралицасе наоѓа на к.п.бр. 8812, К.О. Петралица, м.в. „Трска“сопственост на Николовски Доче и Арсовска Даница.

Член 3

За овој локалитет нема урбанистички планови, ниту локална урбанистичкапланска документација.

Член 4

Со изработка на урбанистичката- планска документација на овој локалитет ќе сепредвиди намена времено сместувањево станбена куќа – А1.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службенгласник на Општина Ранковце“.

Бр. 09-217/6
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за активностите на Општина Ранковце од областа на социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности во 2023 година

1.Се прогласува Програмата за активностите на Општина Ранковце од областа на социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности во 2023 година, донесена на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Програмата за активностите на Општина Ранковце од областа на социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности во 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/3
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 5/02) и член 23 став 1 точки 11 од Статутот на Општина Ранковце(“Службен гласник на Општина Ранковце“ број 09/05), а во врска со член 11 став 1 од Законот за социјална заштита (“Службен весник на РМ“ бр. 104/19) и член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен весник на РМ“ бр.6 /12 и бр.166/14) , Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на 27.02.2023 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Ранковце од областа на социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности во 2023 година

ВОВЕД

Социјалната заштита претставува систем на политики, мерки и активности со чија помош се спречуваат и надминуваат социјалните ризици кај граѓаните. Со Програмата за социјална заштита општина Ранковце се стреми кон намалување на влијанието на социјалните ризици преку јакнење на капацитетите на ранливи категории и нивна правилна инклузија во секојдневието.
Програмата е насочена кон општо подобрување на условите за живот на граѓаните и ги уредува подрачјата на социјална, детската и здраствената заштита за специфичните потреби на населението на општина Ранковце и начинот на остварување на предвидените активности.

Со оваа Програма се утврдуваат стратешката цел и приоритетите во социјалната заштита , како и мерките кои ќе придонесат за остварување на целите во Општина Ранковце за 2023 година.

Програмата за социјална заштита за 2023 година дефинира 4 приоритети, кои со исполнување на поставените цели треба да придонесат за унапредување на социјалната, детската и здравствена заштита на граѓаните, како и намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и создавање на еднакви можности .

СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Квалитетна и подостапна социјална, детска и здравствена заштита , подобрени животни услови и еднакви можности за сите граѓани на Општина Ранковце .

ПРИОРИТЕТИ

1.Унапредување на социјалната заштита
2.Унапредување на здравствената заштита
3.Унапредување на детската заштита
4.Еднакви можности и недискриминација

Приоритет 1. Унапредување на социјалната заштита

Мерки :

Спроведување на владини програми и мерки за подобрување на социјалните услуги на локално;
Изработка на техничка документација за инфраструктурни проекти од областа на социјалната заштита;
Помош на социјално загрозени семејства;
Помош на семејства погодени од несреќа или елементарни непогоди;
Помош на социјално маргинализирани групи (лица со попреченост, лица на раб на сиромаштија, лица без социјална грижа, стари лица и др.);

Приоритет 2. Унапредување на здравствената заштита

Мерки :

Подобрување на примарната здравстевена заштита за граѓаните на Ранковце;
Зголемување на нивото на здравствена едукација на граѓаните и запознавање на пациентите со нивните права и можности;

Приоритет 3. Унапредување на детската заштита

Мерки :

Подршка и учество во кампања за правилен психофизички развој на децата и младите;
Подршка на информативна кампања за правата на децата ;

Подобрување на условите за воспитување на децата од предучилишна возраст (изградба на детска градинка);

Препознавање, заштита и згрижување на деца изложени на ризик и нивна инклузија во предучилишна едукација;

Јакнење на инфраструктурните капацитети за поголема физичка активност на децата (детски игралишта);

Приоритет 4. Еднакви можности и недискриминација

.Мерки :

Промоција на еднакви можности помеѓу мажите и жените, обуки на администрацијата и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Ранковце;
Инклузија на лицата со посебни потреби во заедницата нивна социјализација ,олеснет пристап до институциите и создавање услови за независност во движењето;
Промовирање на социјално одговорно учество, недискриминација, солидарност и вклучување на маргинализираните групи;

ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА								
Приор-итет	**Мерки**	**Активности**	**Временска рамка**	**Носител**	**Извори на средтсва**			
					Минист. за труд и социјална политика	**Буџет на Општина Ранковце**	**Други извори**	**Вкупно МКД**
1	**Спроведување на владини програми и мерки за подобрување на социјалните услуги на локално**	Ангажирање на лица кои тешко се вклопуват на пазарот на труд за грижа за старите лица и лица со попреченост во Ранковце (ОКР)	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце МТСП, АВРМ, УНДП	0,00	151.200,00	604.800,00	756.000,00
		Ангажирање на лица корисници на социјална парична помош и долгорочно невработени лица во извршување на јавни работи и услуги	Еден месец	Општина Ранковце АВРМ	0,00	52.800,00	211.200,00	264.000,00
		Аплицирање и спроведување на „Проектот за подобрување на социјалните услуги“ финансиран со средства од заем на Светска банка.	континуирано	Општина Ранковце МТСП	7. 071. 829,00	0,00	0,00	7. 071. 829,00
	Изработка на техничка документација за инфраструктурни проекти од областа на социјалната заштита	Ревидирање и доработка на основен проект за пренамена со реконструкција и доградба на стара училишна зграда во село Ранковце во дом за стари лица со капацитет од 50 легла ,, (веќе е изготвена техничката документација бр.212/10)	во текот на годината	Општина Ранковце МТСП	0,00	0,00	0,00	0,00

	Помош на социјално загрозени семејства	Исплата на средства одобрени од Советот на Општината (постојат критериуми за исплата)	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце	0.00	100.000,00	0,00	100.000,00
	Помош на семејства погодени од несреќа или елементарни непогоди	Исплата на средства одобрени од Советот на Општината (постојат критериуми за исплата)	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце	0.00	100.000,00	0.00	100.000,00
	Помош на социјално маргинализирани групи	Исплата на средства одобрени од Советот на Општината (постојат критериуми за исплата)	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце	0.00	100.000,00	0.00	100.000,00
	∑				7. 071. 829,00	504.000,00	816.000,00	8.391.829,00
2	**Подобрување на примарната здравствена заштита за граѓаните на Ранковце**	Покренување на иницијатива и воспоставување соработка со ЈЗУ Крива Паланка за санација и одржување на постоечките објект (амбуланта) за здравствена намена	Во првиот квартал од годината	Министерство за здравство, Општина Ранковце, други невладини извори (амбасади)	0,00	0,00	5.000.000,00	5.000.000,00
		еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести	во текот на годината	Општина Ранковце	0.00	60.000,00	0.00	60.000,00
	Зголемување на нивото на здравствена едукација на граѓаните и запознавање на пациентите со нивните права и можности	Иницијатива и подршка на едукативни кампања (обезбедување на простор и опрема)	во текот на годината	Општина Ранковце, Министерство за здравство	0,00	10.000,00	20.000,00	30.000,00
	∑				0,00	70.000,00	5.020.000,00	5.090.000,00

3	**Подршка и учество во кампања и создавање услови за правилен психофизички развој на децата и младите во општината**	Финансиска подршка за спортски активности	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце, МТСП	0,00	0,00	0,00	0,00
	Подобрување на условите за воспитување на децата од предучилишна возраст и јакнење на наталитетот на локално ниво	Аплицирање и реализација на проект за изградба на детска градинка во Ранковце	во текот на цела година	МТСП	13.330.914,00	0.00	0,00	13.330.914,00
		доделување на симболичен финансиски стимул за секое новороденче	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце	0,00	50.000,00	0,00	50.000,00
	Препознавање, заштита и згрижување на деца изложени на ризик и нивна инклузија во предучилишна едукација	Учество на општинска администраација на обуки	по потреба	Општина Ранковце, Владини институции, НВО	0.00	0,00	0,00	0,00
		Инцидентно постапување и известување на надлежни институции за згрижување	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце	0.00	50.000,00	0,00	50.000,00
		помош и поддршка на деца Роми и деца изложени на социјален ризик за вклучување во предучилишна едукација	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце, ОЈУДГ„Детелинка, “МТСП	30.000,00	10.000,00	32.000,00	72.000,00
	Подршка на информативна кампања за правата на децата	Иницијатива и подршка на едукативни кампања (обезбедување на простор и опрема)	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце	0.00	0,00	0,00	0,00

	Јакнење на инфраструктурните капацитети за поголема физичка активност на децата (детски игралишта)	поставување на урбана опрема детски игралишта	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце, МТСП	60.000,00	20.000,00	80.000,00	160.000,00
	∑				13.420.914,00	130.000,00	112.000,00	13.662.914,00
	Промоција на еднакви можности помеѓу мажите и жените, обуки на администрацијата и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Општина Ранковце	Учество на општинска администрааација и Комисијата за еднакви можности на обуки	континуирано во текот на цела година	Општина Ранковце, МТСП, НВО	0,00	20.000,00	0,00	20.000,00
4	**Инклузија на лицата со посебни потреби во заедницата нивна социјализација ,олеснет пристап до институциите и создавање услови за независност во движењето/ Промовирање на социјално одговорно учество, недискриминација,солидарност и вклучување на маргинализираните групи**	Организирање на настан за одбележување на светски ден на лица со попреченост	3 декември	Општина Ранковце, МТСП, Пинк Суппорт, Хендикеп Плус	0,00	20.000,00	60.000,00	80.000,00
	∑				0,00	40.000,00	60.000,00	100.000,00
	Вкупно				**20.492.743,00**	**744.000,00**	**6.008.000,00**	**27.244.743,00**

ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од Програмата ќе се финансират од средствата на Министерството за труд и социјална политика , Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, други владини и невладини институции и ЕУ фондови .

При реализација на Програмата , Советот на Општина Ранковце ке ги подржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирање на проектните активности од областа на социјалната заштита ,образовнието и здравството за обезбедување на средства и друга помош од :
- Министерството за труд и социјална политика ;
- Министерството за здравство ;
- Јавни претпријатија , донаторски организации , фондации и други правни и физички лица и
- Други извори

РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Активностите предвидена во Програмата ке се финансираат од посебни ставки од Буџетот на Општина Ранковце , актовностите се опишани во табеларниот приказ кој е составен дел на Програмата .
Овие активности ке се реализират согласно буџетските можности на Општина Ранковце и обезбедените финансиски средства од други извори на финансирање .

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности од страна на Општина Ранковце се :

Обезбедување на стручна ,техничка и друга подршка со кадри и опрема со која располага општината ;
Воспоставување и зајакнување на соработката со институции и здруженија на граѓани кои во својот опфат се занимаваат со социјална детска и здравствена заштита и
Организирање на протоколарни средби за воспоставување соработка на представници од општината и потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната , детската и здравствената заштита .

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце „ .

Бр.09-217/7
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Решението за давање согласност на Планот за стручно увежбување на вработените професионални пожарникари во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2023 година

1.Се прогласува Решението за давање согласност на Планот за стручно увежбување на вработените професионални пожарникари во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2023 година, донесено на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Решението за давање согласност на Планот за стручно увежбување на вработените професионални пожарникари во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/4
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 21-та седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За давање согласност на Планот за стручно увежбување на вработените професионални пожарникари во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2023 година

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Планот за стручно увежбување на вработените професионални пожарникари во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2023 година

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-217/8
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2022 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2022 година, донесена на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештајот за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2022 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/5
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 21-та седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештајот за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2022 година

1. Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2022 година

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-217/9
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце во за 2022 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце во за 2022 година, донесен на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце во за 2022 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/6
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 21-та седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце во за 2022 година

1. Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-217/10
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година, донесен на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/7
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22),

Советот на Општина Ранковце, на 21-та седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година, со дадено Мислење од Надзорниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце бр.0202-42/1 од 18.02.2023 година и усвоена од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр.0201-48/1 од 18.02.2023 година**.**

2 .Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-217/11
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал, донесен на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/8
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 21-та седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал

1. СЕ УСВОЈУВА Финансискиот извештајот за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година**,** за четврт квартал бр.0103-33/1 од 13.02**.**2023 година, со дадено Мислење бр.0202-40/1 од 18.02.2023 година од Надзорниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце и усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр**.**0201-44/1 од 18.02.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-217/12
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, донесен на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/9 **Општина Ранковце**
01.03.2023 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 21-та седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година

1. СЕ УСВОЈУВА Финансискиот Извештајот за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година бр.0103-35/1 од 13.02.2023 година, со дадено Мислење бр.02-02-41/1 од 18.02.2023 година од Надзорниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце и усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр.0201-46/1 од 18.02.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-217/13 **Совет на Општина Ранковце**
27.02.2023 година **Претседател**
Ранковце **Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал, донесен на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/10
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 21-та седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година**,** за четврт квартал бр.0103-34/1 од 13.02.2023 година, усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр. 0201-45/1 од 18.02.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-217/14
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, донесен на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/11
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 21-та седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 бр.0103-36/1 од 13.02.2023 година, усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр.0201-47/1 од 18.02.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-217/15
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина

Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година, донесен на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/12
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 21-та седницата одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце за 2022 година бр. 0102-38/1 од 18.02.2023 година, усвоен од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце со Одлука бр.0201-49/1 од 18.02.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-217/16
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за решавање на проблемите со локалните патишта кои се отсечени и оштетени со изградбата на Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка

1.Се прогласува Одлуката за формирање на Комисија за решавање на проблемите со локалните патишта кои се отсечени и оштетени со изградбата на Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка, донесена на 21-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.02.2023 година.

2.Одлуката за формирање на Комисија за решавање на проблемите со локалните патишта кои се отсечени и оштетени со изградбата на Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-241/13
01.03.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 32 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр. 2/05), и член 23 став 1 точка 35 член 33 од Статутот на Општина Ранковце („ Службен гласник на Општина Ранковце “ бр. " 9/05, 4/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Советот на Општина Ранковце, на 21-та седница одржана на ден 27.02.2023 година, донесе

Одлука
За формирање на Комисија за решавање на проблемите со локалните патишта кои се отсечени и оштетени со изградбата на Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за решавање на проблемите со локалните патишта кои се отсечени и оштетени со изградбата на Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка.

Член 2

Комисија за решавање на проблемите со локалните патишта кои се отсечени и оштетени со изградбата на Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка има за задача:

- Да ги евидентира сите локални патишта на територијата на Општина Ранковце кои се прекинати со изградбата на експресниот пат Ранковце-Крива Паланка;

-Комисијата заедно со изведувачот на работите и надзорот да предложат алтернативни решенија за ставање во функција на постојните локални патишта кои се прекинати со изградбата на експресниот пат Ранковце-Крива Паланка и предложените решенија да ги достави до инвеситорот - Јавното претпријатие за државни патишта;

-Да ги евидентираат сите локални патишта кои се оштетени со изградбата на Експресниот пат и истите да се санираат од страна на изведувачот на работите;

Член 3

Комисија за решавање на проблемите со локалните патишта кои се отсечени и оштетени со изградбата на Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка престанува со работа кога ќе ја изврши задачата за која што е формирана.

За извршената работа Комисијата да поднесе Извештај до Советот на Општина Ранковце.

Член 4

Комисијата е составена од 11 (единаесет) члена.

Четири членови на Комисијата се избираат од редот на членовите на Советот на Општина Ранковце, шест од Месните заедници и Градоначалникот на Општина Ранковце.

Член 5

За Претседател на Комисијата се избира:

- Моме Спасовски, Советник во Советот на Општина Ранковце;

За Членови на Комисијата се избираат:

-Борче Спасовски, Градоначалник на Општина Ранковце;
-Анета Цветковска, Советник во Советот на Општина Ранковце;
-Горан Младеновски, Советник во Советот на Општина Ранковце;
-Љубе Мицевски, Советник во Советот на Општина Ранковце;
-Добре Јовановски, од Месна заедница Псача;
- Миле Трајковски, од Месна заедница Петралица..
-Димитар Цветковски, од Месна заедница Псача;
-Стојанче Младеновски, од Месна заедница Гиновци;
-Игор Митовски, од Месна заедница Љубинци; и
-Орце Тодоровски, од Месна заедница Ранковце.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр.09-217/17
27.02.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

Врз основа на член 1 став 3 од Одлуката за формирање на Совет за подршка на женско претприемништво во Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце “ бр.12/22), Совет за подршка на женско претприемништво во Општина Ранковце на 1-та конститутивна седница одржана на 28.02.2023 година, донесе

ОДЛУКА
За избор на Претседател на Советот за подршка на женското претприемништво во Општина Ранковце

Член 1

За Претседател на Советот за подршка на женското претприемништво во Општина Ранковце се избира Александра Стамболиска Јовановска.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата да се објави во Службен гласник на Општина Ранковце.

Совет за подршка на женското претприемништво
во Општина Ранковце
Претседавач
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Бр.09-226/2
28.02.2023 година
Ранковце

С О Д Р Ж И Н А

1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат во с. Ранковце – Зердин Дуб, Општина Ранковце”**
2. **Одлука за кофинансирање на проектот „Реконструкција на локален пат во с. Ранковце – Зердин Дуб, Општина Ранковце”**
3. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8812, КО Петралица**
4. **Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8812, КО Петралица**
5. **Заклучок за прогласување на Програмата за активностите на Општина Ранковце од областа на социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности во 2023 година**
6. **Програма за активностите на Општина Ранковце од областа на социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности во 2023 година**
7. **Заклучок за прогласување на Решението за давање согласност на Планот за стручно увежбување на вработените професионални пожарникари во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2023 година**
8. **Решение за давање согласност на Планот за стручно увежбување на вработените професионални пожарникари во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2023 година**
9. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2022 година**
10. **Заклучок за усвојување на Извештајот за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2022 година**
11. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце во за 2022 година**
12. **Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце во за 2022 година**
13. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година**
14. **Заклучок за усвојување на Годишната завршна сметка на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година**
15. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал**
16. **Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал**
17. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година**
18. **Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година**

19. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал**
20. **Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година, за четврт квартал**
21. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година**
22. **Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2022 година**
23. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година**
24. **Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2022 година**
25. **Заклучок за прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за решавање на проблемите со локалните патишта кои се отсечени и оштетени со изградбата на Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка**
26. **Одлука за формирање на Комисија за решавање на проблемите со локалните патишта кои се отсечени и оштетени со изградбата на Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка**
27. **Одлука за избор на Претседател на Советот за подршка на женското претприемништво во Општина Ранковце**

_____/_____